**УЖ-2.бр.230/2021**

ВИШИОТ УПРАВЕН СУД, во совет составен од судиите: Анита Данилова-претседател на советот и судиите м-р Емрије Зубери и Дијана Димитрова-членови на советот, со записничар Ивица Наумоски - судски соработник, одлучувајќи по жалбата на ТДПТУ „ЛЕТНИЦА-БЕЛВИЦА“ Милорад ДООЕЛ Струга, изјавена против Пресудата на Управниот суд У-6.бр.868/2020 од 12.11.2020 година, за концесија, на седницата на советот одржана на 08.07.2021 година, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

Жалбата на ТДПТУ „ЛЕТНИЦА-БЕЛВИЦА“ Милорад ДООЕЛ Струга, изјавена против Пресудата на Управниот суд У-6.бр.868/2020 од 12.11.2020 година, СЕ ОТФРЛА КАКО НЕНАВРЕМЕНА.

О б р а з л о ж е н и е

Управниот суд со Пресуда У-6.бр.868/2020 од 12.11.2020 година ја одбил како неоснована тужбата на тужителот ТДПТУ „ЛЕТНИЦА-БЕЛВИЦА“ Милорад ДООЕЛ Струга и го потврдил Решението бр.11-203/5 од 03.03.2020 година на Државната комисија за жалби по јавни набавки.

Против наведената пресуда, тужителот изјавија жалба поради суштествени повреди на одредбите на постапката, погрешна примена на материјалното право и погрешно утврдена фактичка состојба со предлог жалбата да се уважи, да се укине побиваната пресуда и предметот да се врати на повторно постапување и одлучување.

Вишиот управен суд, постапувајќи во смисла на член 78 во врска со член 75 став 2 од Законот за управните спорови најде:

Жалбата е ненавремена.

Согласно член 69 став 1 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република С.М.“ број бр.96/2019) против пресудата на Управниот суд странките можат да изјават жалба во рок од 15 дена од денот на доставувањето на преписот на пресудата.

Според член 75 став 2 од истиот закон, жалбата е ненавремена ако е изјавена по истекот на законскиот рок за нејзино поднесување.

Согласно член 78 од истиот закон, второстепениот суд со решение ќе ја отфрли ненавремената, неуредната или недозволената жалба, ако тоа било пропуштено од Управниот суд.

Од извршениот увид во доставницата за извршена достава на пресудата на Управниот суд, овој суд констатира дека истата од страна на ТДПТУ „ЛЕТНИЦА-БЕЛВИЦА“ Милорад ДООЕЛ Струга била примена на ден 23.11.2020 година, додека од увидот во приемниот печат ставен на жалбата е видно дека жалбата со препорачана пратка RB188806785МК била изјавена на ден 15.12.2020 година, примена во Управниот суд на ден 16.12.2020 година, а последен ден за изјавување на жалбата согласно напред цитираните законски одредби е 09.12.2020 година.

Оттука, Вишиот управен суд најде дека жалбата е изјавена по истекот на законскиот рок од 15 дена за нејзино поднесување, поради што е ненавремена.

Од овие причини Вишиот управен суд, одлучи како во изреката на решението согласно член 78 од Законот за управните спорови.

Решено во Виш управен суд на ден 08.07.2021 година под УЖ-2.бр.230/2021

Записничар - судски соработник
Ивица Наумоски с.р.

Претседател на совет – Судија
Анита Данилова с.р.

/МА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ВИШ УПРАВЕН СУД
СКОПЈЕ
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
GJYKATA E LARTË ADMINISTRATIVE
SHKUP

Согласноста на преписот со изворникот ја потврдува
Судски службеник
Р. Тодоровска